РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-2485/3
10-09-2021

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од познат подносител, на продолжението на 51-вата седница одржана на ден 01.09. 2021 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-2485/1 од 26.07.2021 година во форма на Иницијатива и Дополнување на Иницијатива за покренување на постапка поднесена од страна на познат подносител- група подносители и тоа : --------------------, сите од ----------- и --------------- од с. ---------, ------------, СЕ ОТФРЛА

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност по предметот со број 12-2485 од 2021 година и дека друг орган веќе постапил по предметната постапка, а кој е оформен врз основа на пријавата – Иницијатива и Дополнување кон Иницијатива од група подносители.

Предметот со број 12-2485 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

Образложение

Предметот со број 12-2485 од 2021 година е оформен врз основа на пријава - Иницијатива и Дополнување на Иницијатива за покренување на постапка поднесена од страна на познат подносител- група подносители и тоа --------------------, сите од ------------ и -----------------од с----------------, ------------.

Во пријавата се укажува на иницијатива за покренување на постапка против АД „-----------" ---------- заради како што е наведено во пријавата „незаконско работење" на наведениот субјект.

Имено како што е наведено во пријавата, а исто така и може да се утврди и од документацијата доставена во прилог на оваа пријава, подносителите, секој поединечно

воделе судски постапки во врска со остварувањето на правото на сопственост против АД „-----------" --------------.

ДКСК по разгледувањето на пријавата и дополнителните прилози утврди дека од аспект на надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата во предметната пријава не постојат елементи за нејзино надлежно постапување, односно за предметните наводи веќе постапувал друг орган.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до
-Архива
- подносителот

Изработил: м-р К.З., Советник
Одобрил: м-р Ш.С. Член на ДКСК